РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-187/9
24.04.2025 година
С К О П Ј Е

## ЗАПИСНИК

**од итна двесте триесет и втора седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 26 март 2025 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 26 март 2025 година, online преку ЗООМ платформата, се одржа итна двесте и триесет и втора седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, откако го констатираше присуството на членовите на Управниот одбор во полн состав и на директорот на Академијата, премина кон читање на предлог дневниот ред, за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Утврдување на содржина на јавен оглас за именување на заменик на директор на Академија за судии и јавни обвинители.
2. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапка за именување на заменик на директор на Академија за судии и јавни обвинители.
3. Разно.

Имајќи предвид дека немаше пријавени за збор по однос на содржината на предлог дневниот ред, истиот беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

Се пристапи кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Утврдување на содржина на јавен оглас за именување на заменик на директор на Академија за судии и јавни обвинители. За збор се јави м-р Башким Бесими, член на УО кој истакна дека ја видел доставената предлог содржина на јавниот оглас, дека условите кои треба да ги исполнува кандидатот за заменик директор се наведени во член 15 од ЗАСЈО и дека смета дека зборовите во јавниот оглас треба да бидат идентични со зборовите користени во одредбите од Законот. Претседателот на УО го стави на гласање предлогот на членот на УО м-р Башким Бесими и истиот беше едногласно усвоен.

За збор се јави судија Беса Адеми, член на УО која замоли доколку може уште еднаш заедно да ја прочитаат законската одредба која ги регулира условите кои треба да ги исполнува кандидатот за заменик директор на АСЈО. М-р Башким Бесими ги прочита одредбите од ЗАСЈО од член 15 став 8, 9 и 10. Претседателот на УО, м-р Бесник Авдија ја задолжи стручната служба на Академијата да ја прилагодат содржината на јавниот оглас согласно оваа донесена одлука на УО.

Се премина кон разгледување на **втората точка** на дневен ред - донесување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапка за именување на заменик на директор на Академија за судии и јавни обвинители. Претседателот на УО даде збор на членовите на УО да дадат предлог членови за оваа Комисија која ќе ги разгледа доставените пријави од кандидатите за заменик директор на АСЈО и ќе достави Извештај по однос на истото до УО.

За збор се јави м-р Антоанета Димовска, член на УО која даде предлог членовите на оваа Комисија да бидат извлечени со ждребка.

Следен за збор се јави м-р Башким Бесими, член на УО кој го истакна својот предлог за членови на Комисија за спроведување на постапка за именување на заменик на директор на АСЈО да бидат избрани м-р Антоанета Димовска, судија д-р Али Алиу и јавен обвинител Спасенка Андонова.

За збор се јави јавен обвинител Златко Биковски кој го изнесе своето мислење дека доколку се цели кон тоа во Комисијата да има престставници од судство, обвинителство и правда-како претставник од извршната власт, би требало членот Радица Лазареска Геровска да биде на местото на еден од предложените судии. М-р Башким Бесими истакна дека се согласува и со тој предлог. Судија д-р Али Алиу се повлече и истакна дека не е проблем на негово место да биде ставен членот од Министерството за правда на РСМ.

Претседателот на УО заклучи дека согласно тоа што судија д-р Али Алиу се повлече, остануваат како предлог Комисија членовите м-р Антоанета Димовска, јавен обвинител Спасенка Андонова и Радица Лазареска Геровска, по што овој предлог го стави на гласање и едногласно беше донесена Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапка за именување на заменик на директор на Академија за судии и јавни обвинители.

Последна точка на дневен ред беше точката Разно. Претседателот на УО отвори можност за дискусија по однос на оваа точка. За збор се јави членот на УО Радица Лазареска Геровска која истакна дека до Министерството за правда ги пренела заклучоците од последната седница на УО и дека со себе носи допис од Министерството за правда во којшто е приложена биографија со работно искуство за кандидатот Адреја Весов со цел да се подржи она што е став на МП дека лицето ги исполнува законски утврдените услови. Претседателот на УО м-р Бесник Авдија истакна дека тој допис ќе биде доставен до сите членови на УО на запознавање, па истиот ќе биде разгледан на наредната седница на УО.

Со оглед на тоа дека сите точки беа исцрпени и немаше понатамошна дискусија, претседателот на Управниот одбор истакна дека договорот за наредна седница на УО за 29.04.2025 година останува, а доколку има потреба и пред тоа ќе биде одржана седница на УО, по што ја затвори 232-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

_________________________

Записникот го изготви Ана Милчевска
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси